Гоце Божурски



# ТИХОЖИТИЕТО НА МЛАДИОТ СЛИКАР

*Божурски спаѓа во редот на оние автори кои, едноставно, сакаат и знаат да сликаат, но неговата желба и енергија, како кај ретко кој македонски сликар, се продуцира на едно високо рамниште, што се должи на технолошко-теоретската изграденост и на уметниковото вјерују во вистинските вредности.*

Штипската ликовна јавност во 1988 година за првпат имаше можност да проследи едно самостојно претставување на **Гоце Божурски.**

Тогаш тој се претстави со 15 платна и со исто толку цртежи. Карактеристика на таа изложба беше реализмот во претставувањето на предметите и консвеквентно обликување на сликарските партии во задницата. И тогаш, како и сега, Божурски е ***old fashion man***, кој во сликарството сакаше да направи вредност, а не да биде ин, во мода, и да прифати еден од тогаш актуелните трендови. Оттогаш или, ако сакате, од неговата прва изложба во Врање (Србија), во 1983 година, Божурски останува доследен на себеси и бара и продуцира високо- естетски вредности, без оглед на тоа дали е во улога на сликар, ликовен критичар или театарски менаџер. Својата ликовна дејност и високоизградените творечки критериуми ќе ги материјализира низ ликовните дела коишто се презентирани на изложбите во Белград, Велес, Земун, Скопје, Охрид, Битола и во Куманово.



*Разбој IV,. 2001 масло на штица*

Дека работата донесува резултати потврдуваат и наградите: прва награда на ликовната колонија 16 воденици, во Југославија; наградата *Константин Мазев* и, секако, неодамнешната награда на Меѓународното биенале на минијатури во Горни Милановац (Србија), каде што во конкуренција на 1526 дела од 771 автори од 44 земји, Гоце Божурски доби специјална награда - да се изразиме спортски, во ранг на освоено второ место.

Циклусот *Тихожитие*, 32-те слики масло на штица, е еден од ретките сликарски циклуси кои денес го заслужуваат маркерот ***Made in Macedonia***, како ликовен продукт кој, пред сè, во себе содржи високи ликовни вредности, а како предмети насликани на дрвената подлога се јавуваат етно-елементи и продукти типични за македонското поднебје. Тоа е циклус чиишто слики продуцираат чувства идентични на оние кои се манифестираат при застанувањето пред иконите на старите мајстори.

Во таа насока е и успешниот спој на материјалот, технологијата и на тематиката, при што високиот степен на материјализација на објектите е само прекрасен ***background*** на флуидот, што иконата на 21 век го создава спрема перципиентот.

На тој начин, Божурски создава слика во слика, која со секој потег - строг и прецизен - придонесува за тоа гледачот да почувствува високо естетско чувство и комуникација со нашата традиција, со нашето поднебје, нашите предци, односно комуникација со самиот себеси.

Преку сликите од *Тихожитие* Божурски нè одделува од поширокото сликарско милје и нè претставува со квалитет, со рафиниран приод кон градењето на композицијата и со еден препознатлив израз, чиј краен резултат се прекрасните слики.

Божурски спаѓа во редот на оние автори кои, едноставно, сакаат и знаат да сликаат, но неговата желба и енергија, како кај ретко кој македонски сликар, се продуцира на едно високо рамниште, што се должи на технолошко-теоретската изграденост и на уметниковото *вјерују* во вистинските вредности.

*Зоран П. ЧИТКУШЕВ*



*Влатковото кандилце III, 2000 масло на панел*





88 27.7-6.9.2001